ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
- Соопштение за медиуми-

Скопје, 28.07.2021 година

# Исплатувани надоместоци без мерливи критериуми и комплетни документи од страна на ДИК

*Со извршената ревизија за 2019 година ревизорите изразија* ***неповолно мислење*** *во однос на вистинитото и објективното прикажување на финансиските извештаи, како и за усогласеност на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.*

Државниот завод за ревизија изврши ***ревизија на финансиските извештаи*** заедно ***со ревизија на усогласеност на Државната изборна комисија*** на сметката на основен буџет за 2019 година.
Ревизорите извршија ревизија и на одобрените средства за изборните активности во 2019 година, за спроведените избори за Претседател на Република Северна Македонија и предвремените избори за градоначалници на општините Охрид, Ново село и Дебар.

Ревизорите утврдија дека од вкупно 80 ОИК, до ДИК не се доставени извештаи за работа од 25 ОИК, односно 31%, иако е обврска согласно Изборниот законик, врз основа на кој се пресметува и исплаќа надоместокот за извршениот ангажман.

Во однос на исплатата на парични средства за тековни трошоци кои настануваат во врска со извршување на изборните активности на секоја општинска изборна комисија, ревизорите констатираа дека се извршени исплати на средства кај дел од ОИК без соодветна и комплетна финансиска документација.

За спроведувањето на изборите за Претседател на РСМ и предвремени избори за градоначалници на општините Охрид, Ново село и Дебар во 2019 година, за лицата кои се членови во Избирачките одбори (претседател, членови и нивни заменици) исплатени се вкупно ***133 милиони денари,*** врз основа на донесена одлука.

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk

INTERCERT system certification
ISO 9001: 2015 CERTIFIED
Q-025/2018

Овие средства се исплатени врз основа на податоци внесени од страна на општинските изборни комисии за исплата на надоместокот за избирачките одбори. Ревизијата не беше во можност да изврши споредба на податоците внесени од страна на ОИК со податоците од одлуките за исплата на надоместоците изготвени од страна на ДИК, заради не презентирани и незачувани податоци во веб апликацијата (електронски или во хартиена форма).

Дополнително, ревизорите утврдиле дека за вкупно 154 лица ангажирани во помошните тела и лица вработени во стручната служба на ДИК, се исплатени средства во вкупен износ од *5 милиони денари.* Со извршената анализа на исплатата на надоместокот по овој основ, ревизорите утврдиле дека надоместокот за работни компетенции и работна успешност како дел од вкупниот надоместок, е исплатен врз основа на критериуми кои не се квалитативно определени и мерливи.

Со извршената ревизија на редовното работење, ревизорите утврдија дека Државната изборна комисија ***нема извршено попис на средствата и извори на средствата*** согласно законските и подзаконските акти, што има за ефект неможност од потврдување на реалноста и објективноста на искажаните состојби на средствата и нивните извори и намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите што ги даваат истите.

Во делот на спроведување на постапките при ***доделувањето на договорите за јавни набавки***, во ревизорскиот извештај се наведува дека, воспоставениот начин на спроведување на постапките со преговарање без објавување на оглас не овозможува еднаков третман и конкуренција помеѓу економските оператори.

Исто така, во делот на ревизорскиот извештај кој се однесува на *Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет,* обелоденети се состојби кои може да предизвикаат идни финансиски импликации и влијание врз работењето на ДИК, а кои се однесуваат на процесот на спроведување и реализација на постапките за јавна набавка на нови и надградба на постојните софтверски решенија во ДИК и набавка на телевизори кои ќе овозможат приказ на резултати од избори во надворешни услови за заштита и одржување на растојание поради Ковид 19, кои ДИК ги има спроведено за потребите на спроведување на предвремените парламентарни избори во 2020 година.

Прес контакт:

**Албиона Мустафа Мухаџири** +389 72228 203
albiona.mustafa@dzr.gov.mk
**Мијалче Дургутов** +389 70 358 486
mijalce.durgutov@dzr.gov.mk
**Мартин Дувњак** +389 75 268 517
martin.duvnjak@dzr.gov.mk